Врз основа на член 54 став (1) точка 1. потточка 1.20. од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/25 и 135/25) и членот 17 став (1) од Правилникот за начин и услови за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 247/23), а во согласност со Тарифниот систем за пренос на електрична енергија ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 242/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 05 декември 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на регулиран максимален приход, регулирана просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за 2026 година за вршење на регулирана енергетска дејност пренос на електрична енергија на АД МЕПСО Скопје**

1. Регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија за 2026 година, се одобрува да изнесува 1.882.206.923 денари.
2. Регулираната просечна тарифа за пренос на електрична енергија за периодот од точка 1 на оваа одлука, се утврдува да изнесува 0,3018 ден/kWh за планирана испорака од 6.236.063.926 kWh електрична енергија на излез од преносната мрежа.
3. Во согласност со регулираниот максимален приход (MAR) утврден со точка 1 од оваа одлука, тарифите за пресметковните елементи врз основа на кои АД МЕПСО Скопје, како вршител на енергетската дејност пренос на електрична енергија, го фактурира надоместокот за користење на електропреносниот систем, изнесуваат:

| Тарифи за пресметковни елементи | | | |
|---|---|---|---|
| **Пристап на електропреносниот систем (ден/месец)** | **Врвна активна моќност (ден/kW)** | **активна ел.енергија (ден/kWh)** | **реактивна ел.енергија (ден/kvarh)** |
| 1.800 | 14,1212 | 0,2732 | 0,1093 |

4. Тарифите за пресметковните елементи од точка 3 на оваа одлука се применуваат во период од отпочнувањето на примена на оваа одлука до 31 декември 2026 година.
5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2026 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост - Скопје, со седиште на ул. Максим Горки, бр.4 Скопје (во понатамошниот текст: АД МЕПСО Скопје), согласно Правилникот за начинот и условите за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија (во понатамошниот текст: Правилник), поднесе до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) Барање за одобрување на регулиран максимален приход за 2026 година, просечна тарифа за вршење на регулирана дејност пренос на електрична енергија и тарифи за пресметковни елементи за 2026 година, заверено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под УП1 бр. 08-1998/25 од 10 октомври 2025 година (во понатамошниот текст: Барање). Кон барањето ја достави и потребната документација согласно Правилникот.

Регулаторната комисија за енергетика на 16 октомври 2025 година на својата веб страница објави известување во врска со Барањето на АД МЕПСО Скопје.

По објавеното известување, во рокот утврден во Известувањето, до Регулаторната комисија за енергетика не беа доставени мислења и предлози од страна на заинтересирани правни и физички лица.

Регулаторната комисија за енергетика согласно Правилникот изготви предлог одлука со образложение, која беше предмет на расправа на подготвителната седница која се одржа на 04 декември 2025 година. На подготвителната седница беа поканети членовите на Регулаторната комисија за енергетика и претставници од: АД МЕПСО Скопје, МЕМО ДООЕЛ Скопје, АД ЕСМ Скопје, Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје, Кабинетот на Претседателот на Владата на РСМ, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерство за финансии, Министерство за социјална политика, демографија и млади, Стопанска комора на Северна Македонија, Стопанска комора на Северозападна Македонија, Сојуз на стопански комори на Македонија, Советот за заштита на потрошувачите, Организацијата на потрошувачите на Македонија, Комисија за заштита на конкуренција, Народниот правобранител и ТЕ-ТО АД Скопје. На подготвителната седница присуствуваа претставници на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, АД МЕПСО Скопје, МЕМО ДООЕЛ Скопје и Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје. Присутните немаа забелешки по предлог одлуката.

### Податоци од Барањето

АД МЕПСО во Барањето ги има презентирано следните податоци потребни за определување на регулираниот максимален приход, регулирана просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи, согласно Правилникот:

***Количини на електрична енергија***

| Р.бр. | ОПИС И ОЗНАКА | 2026 година |
|---|---|---|
| 1 | Количина на електрична енергија на излез од преносна мрежа (kWh) | **6.236.063.926** |

***Трошоци за набавка на електрична енергија за покривање на одобрени загуби***

Трошоците за набавка на 105.620.000 kWh електрична енергија за покривање на загуби на електрична енергија во преносната мрежа за 2026 година во Барањето се предвидени да изнесуваат 746.997.000 денари.

***Пренесени трошоци (SPT)***

Пренесените трошоци (SPT), наведени во Барањето за 2026 година се презентирани во следната табела:

| Р.бр | ОПИС И ОЗНАКА | 2026 година |
|---|---|---|
| 1 | Регулаторен надомест, трошок за надомест за концесија, еколошки такси, даноци на имот, како и други економски оправдани трошоци одобрени од Регулаторната комисија за енергетика (TF) (денари) | 71.667.000 |
| 2 | Трошок за набавка на системски услуги за балансирање на електроенергетскиот систем, согласно Правилата за балансирање, вклучувајќи го и трошокот за одложена терциерна резерва одобрен од Регулаторната комисија за енергетика (AS) (денари) | 763.688.000 |
| 3 | Сите трошоци направени во рамки на процесот на компензација меѓу оператори на преносни системи (ITC) (денари) | 43.050.000 |
| 4 | Сите приходи добиени во рамките на процесот за компензација меѓу оператори на преносни системи (RITC ) (денари) | 55.350.000 |
| 5 | Приход што операторот на електропреносниот систем го добил од распределба на интерконекцискиот капацитет ( RAI ) (денари) | 1.205.652.000 |
| 6 | Сите надоместоци за приклучување кои имаат за цел да го повратат трошокот за одржување и управување со средствата за приклучување и сите други приходи од други извори кои не произлегуваат од користењето на преносната мрежа (RCO) (денари) | 0 |
| 7 | **ВКУПНО ПРЕНЕСЕНИ ТРОШОЦИ (SPT = TF + AS + ITC - RITC - RAI - RCO) (денари)** | **-382.597.000** |

***Регулиран максимален приход и просечна тарифа за пренос на електрична енергија***

Според податоците од Барањето, АД МЕПСО Скопје за 2026 година бара да се одобри регулиран максимален приход од 1.946.247.411 денари и просечна тарифа за пренос на електрична енергија од 0,3121 ден/kWh.

**Анализа од Регулаторната комисија за енергетика**

Регулираниот период за дејноста пренос на електрична енергија изнесува три години започнувајќи од 2024 до 2026 година.

Предмет на анализа на оваа Одлука е 2026 година, како трета година од регулираниот период.

Регулаторната комисија за енергетика направи детална анализа на податоците доставени во прилог на Барањето.

Согласно Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика со оваа Одлука го определува регулираниот максимален приход и регулирана просечна тарифа за пренос на електрична енергија за третата година (2026 година) од регулираниот период (2024 – 2026 година), во кои се вклучени

основниот приход, трошокот за набавка на електрична енергија за покривање на загуби во преносната мрежа, пренесените трошоци и факторот на корекција на операторот на електропреносниот систем.

Регулаторната комисија за енергетика со Одлуката УП1 бр. 08-882/23 од 22 декември 2023 година го определи регулираниот основен приход за 2026 година во кои се вклучени оправданите оперативни трошоци, амортизацијата на регулираните основни средства и приносот на средствата за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија, во вредност од 1.954.223.411 денари.

Компонентите кои го сочинуваат регулираниот максимален приход и начинот на нивно утврдување се прикажани во текстот подолу.

***Трошоци за набавка на електрична енергија за покривање на одобрените загуби***

Трошоците за набавка на електрична енергија за покривање на одобрените загуби во 2026 година, се утврдени согласно предвидената количина на електрична енергија за покривање на загуби на електрична енергија во преносната мрежа презентирана во Барањето, прогнозираната цена за електрична енергија за покривање на загуби и регулираната просечна тарифа за организирање и управување со пазарот на електрична енергија за годината утврдена со Одлуката за одобрување на регулиран максимален приход и регулирана просечна тарифа за вршење на регулираната енергетска дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија за 2026 година на Националниот оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје во износ од 0,0141 ден/kWh, презентирани во следната табела:

| **Р.бр** | **ОПИС** | **2026 година** |
|---|---|---|
| 1 | Количина на електрична енергија за покривање на загуби на електрична енергија во преносната мрежа, (kWh) | 105.620.000 |
| 2 | Цена, LP (ден/kWh) | 7,0725 |
| **3** | **Трошоци за одобрени загуби, L (денари)** | **746.998.920** |

***Пренесени трошоци (SPT)***

Пренесените трошоци за 2026 година се пресметани во согласност со Правилникот и се прифатени во износ согласно Барањето.

Врз основа на истото, пренесените трошоци (SPT) за 2026 година се во целост прифатени од Барањето и се презентирани во следната табела:

| **Р.бр** | **ОПИС** | **2026 година** |
|---|---|---|
| 1 | Регулаторен надомест, трошок за надомест за концесија, еколошки такси, даноци на имот, како и други економски оправдани трошоци одобрени од Регулаторната комисија за енергетика (TF) (денари) | 71.667.000 |
| 2 | Трошок за набавка на системски услуги за балансирање на електроенергетскиот систем, согласно Правилата за балансирање, вклучувајќи го и трошокот за одложена терциерна резерва одобрен од Регулаторната комисија за енергетика (AS) (денари) | 763.688.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Сите трошоци направени во рамки на процесот на компензација меѓу оператори на преносни системи (ITC) (денари) | 43.050.000 |
| 4 | Сите приходи добиени во рамките на процесот за компензација меѓу оператори на преносни системи (RITC ) (денари) | 55.350.000 |
| 5 | Приход што операторот на електропреносниот систем го добил од распределба на интерконекцискиот капацитет ( RAI ) (денари) | 1.205.652.000 |
| 6 | Сите надоместоци за приклучување кои имаат за цел да го повратат трошокот за одржување и управување со средствата за приклучување и сите други приходи од други извори кои не произлегуваат од користењето на преносната мрежа (RCO) (денари) | 0 |
| **7** | **Пренесени трошоци, $SPT_t$ (денари)** | **-382.597.000** |

Имајќи ги предвид обврските утврдени со Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/25 и 135/25), кои се однесуваат на регионалното планирање и управување со системот, како и подготовките за спојувањето на пазарите на електрична енергија, Регулаторната комисија за енергетика го задолжува операторот на електропреносниот систем АД МЕПСО да обезбеди целосна техничка и кадровска подготвеност за имплементација на оваа обврска.

Во таа насока, потребно е АД МЕПСО, во најкраток изводлив рок, да спроведе соодветни надградби и прилагодувања на SCADA-системот, како и да обезбеди ангажирање на соодветно квалификуван стручен кадар, со посебен акцент на вработување електроинженери со релевантна експертиза односно да постапи согласно Одлуката за одобрување на регулиран максимален приход, регулирана просечна тарифа и тарифи за пресметковни елементи за 2024 година, како и основен приход за 2024, 2025 и 2026 година за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија на АД МЕПСО Скопје УП1 бр. 08-882/23 од 22 декември 2023 година со која се предвидени 20 нови вработувања насочени кон исполнување на оваа цел.

***Фактор на корекција (К)***

Факторот на корекција за дејноста пренос на електрична енергија за 2024 година изнесува 689.411.741 денари. Од пресметаниот фактор на корекција за 2024 година, при пресметката на регулираниот максимален приход за 2026 година земени се во предвид 44.811.763 денари. Преостанатиот дел во износ од 644.599.978 денари, Регулаторната комисија за енергетика ќе го има предвид при носењето на одлуките за наредните години. При пресметката на регулираниот максимален приход за 2026 година од преостанатиот дел од факторот на корекција од претходни години во износ од 783.213.330 денари земени се во предвид 391.606.665 денари, и преостанатиот дел во износ од 391.606.665 денари. Регулаторната комисија за енергетика ќе го има предвид при носењето на одлуките за наредните години.

Регулираниот максимален приход остварен од вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија за 2024 година, повторно пресметан со признаени вредности, наместо прогнозирани, ($MARK_{2024}$) изнесува 1.122.660.623 денари. Во $MARK_{2024}$, пренесените трошоци (SPT) за 2024 година се презентирани во следната табела:

| Р.бр | ОПИС | 2024 година |
|---|---|---|
| 1 | Регулаторен надомест, трошок за надомест за концесија, еколошки такси, даноци на имот, како и други економски оправдани трошоци одобрени од Регулаторната комисија за енергетика (TF) (денари) | 64.490.222 |
| 2 | Трошок за набавка на системски услуги за балансирање на електроенергетскиот систем, согласно Правилата за балансирање, вклучувајќи го и трошокот за одложена терциерна резерва одобрен од Регулаторната комисија за енергетика (AS) (денари) | 1.020.239.158 |
| 3 | Балансен механизам (денари) | 216.348.321 |
| 4 | Сите трошоци направени во рамки на процесот на компензација меѓу оператори на преносни системи (ITC) (денари) | 20.685.746 |
| 5 | Сите приходи добиени во рамките на процесот за компензација меѓу оператори на преносни системи (RITC ) (денари) | 39.633.465 |
| 6 | Приход што операторот на електропреносниот систем го добил од распределба на интерконекцискиот капацитет ( RAI ) (денари) | 1.594.109.893 |
| 7 | Сите надоместоци за приклучување кои имаат за цел да гоповратат трошокот за одржување и управување со средствата за приклучување и сите други приходи од други извори кои не произлегуваат од користењето на преносната мрежа (RCO) (денари) | 0 |
| **8** | **Пренесени трошоци, SPTt (денари)** | **-744.676.553** |

Остварениот приход во 2024 година ($R_{2024}$) изнесува 1.782.907.692 денари, согласно доставените податоци од бруто билансот на претпријатието за 2024 година, при што се иземени приходите, кои што се веќе вкалкулирани во пресметката на $MARK_{2024}$.

Просечната пасивна каматна стапка објавена од Народна банка на Република Северна Македонија за 2024 година изнесува 1,96% и за 2025 година изнесува 2,41%.

Пресметката на регулираниот максимален приход остварен од вршење на регулирана енергетска дејност пренос на електрична енергија за 2024 година, повторно пресметан со признаени вредности, наместо прогнозирани ($MARK_{2024}$), е презентирана во следнава табела:

| **Р.бр.** | **ОПИС** | **$MARK_{2024}$** | **Одобрено со Одлука 08-882/23 од 22.12.2023** |
|---|---|---|---|
| 1 | Основен приход во 2024 година, $BR_{2024}$ (денари) | 1.934.579.753 | 1.934.579.753 |
| 2 | Трошоци за загуби на е.е во 2024 година, $L_{2024}$ (денари) | 697.735.425 | 693.339.405 |
| 2.1 | Набавена количина на електрична за покривање на загуби на електрична енергија во преносната мрежа, (kWh) | 98.728.000 | 98.032.000 |
| 2.2 | Набавна цена на загуби во 2024 (ден/kWh) | 7,0550 | 7,0726 |
| 3 | Пренесени трошоци во 2024 година, $SPT_{2024}$ (денари) | -744.676.553 | -132.990.567 |
| 4 | Фактор на корекција (денари) | 764.978.002 | 764.978.002 |
| **5** | **Регулиран максимален приход за 2024 година повторно пресметан со признаени вредности, наместо прогнозирани, со вклучен фактор на корекција (денари)** | **1.122.660.623** | **1.729.950.589** |
| **6** | **Вкупно испорачана количина во 2024 година (kWh)** | **5.895.153.135** | **5.893.497.416** |

Регулаторната комисија за енергетика утврди количините на електрична енергија на излез од преносната мрежа за 2026 година да изнесуваат 6.236.063.926 kWh согласно Барањето.

Вкупниот регулиран максимален приход на АД МЕПСО Скопје за 2026 година за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија се утврдува да изнесува 1.882.206.923 денари.

Просечната тарифа за пренос на електрична енергија за 2026 година утврдена со оваа Одлука изнесува 0,3018 ден/kWh, што претставува намалување од 2,67% во однос на просечната тарифа за пренос на електрична енергија за 2025 година во износ од 0,3101 ден/kWh.

Врз основа на податоците од доставеното Барање, како и податоците со кои располага Регулаторната комисија за енергетика, а имајќи го предвид Тарифниот систем за пренос на електрична енергија, како и оваа Одлука, Регулаторната комисија за енергетика го утврди следново:

Регулираниот максимален приход за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија за 2026 година се распределува на надоместок за пристап на електропреносниот систем, врвна активна моќност и активна електрична енергија, врз основа на бројот на корисници на електропреносниот систем, предвидените количини на активна електрична енергија и врвна активна моќност за 2026 година.

Тарифите за пресметковните елементи се презентирани во следната табела:

| **Приход (денари)** | | | | **количини** | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Надоместок за пристап** | **врвна активна моќност** | **активна ел.енергија** | **вкупно** | **моќност (kW)** | **активна ел.енергија (kWh)** |
| **1** | **2** | **3** | **4=1+2+3** | **5** | **6** |
| 3.607.200 | 175.202.458 | 1.703.397.265 | 1.882.206.923 | 12.407.095 | 6.236.063.926 |

| **тарифи за пресметковни елементи** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Надоместок за пристап (денари)** | **просечна цена (ден/kWh)** | **моќност (ден/kW)** | **активна ел.енергија (ден/kWh)** | **прекумерно преземена реактивна ел.енергија (ден/kWh)** |
| **7** | **8=4/6** | **9=2/5** | **10=3/6** | **11=10*0,4** |
| 1.800 | 0,3018 | 14,1212 | 0,2732 | 0,1093 |

Имајќи го во предвид погоре наведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**УП1 бр. 08-1998/25**
**05 декември 2025 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика водни услуги и услуги за управување со отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**